Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-250/1
14.02 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО: Собрание на Република Северна Македонија
- Комисија за образование, наука и спорт

ПРЕДМЕТ: Доставување на мислење по предлог законот за средно образование

Почитувани,

Врз основа на член 21, став 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го разгледа предлог законот за средно образование и во рамките на своите надлежности, ви го доставува следното мислење:

1. Членот 3 и членот 6 од предлог законот кои се однесуваат на начелата на средното образование, како и на заштитата од дискриминација и промоција на еднаквоста, треба целосно да се усогласат со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација по однос на основите за дискриминација.

   Во членот 3 став 1 алинеја 2, начелото за еднаквост треба да ги опфати сите дискриминаторски основи, додека во алинеја 7 од истиот член, зборот „унапредување" на сличностите да се замени со зборот „промовирање" на сличностите.

   Во членот 6 став 1 од предлог законот, бараме да се додаде и забраната за сегрегација (како издвојување, одделување и ограничување на правата на дел од учениците, врз база на дискриминаторските основи) и основите за дискриминација да се дополнат со сексуална ориентација и родов идентитет, со што предлог законот копмлетно ќе се усогласи со Законот за спречување и заштита од дискриминација;

2. Во однос на целите на средното образование, предлагаме да се дополни член 4 став 1 со уште една алинеја за „воспитување за прифаќање на различностите, унапредување на разбирањето и почитување на човековите права, родовата еднаквост и мултикултурализмот";
3. Комисијата констатираше дека предложените афирмативни мерки во член 7 од предлог законот, не се соодветно дефинирани и не придонесуваат за повластен третман на одредени групи на ученици кои се соочуваат со одредени бариери во своето образование и предлагаме да се преформулираат односно предлагаме измени на членот 7 со следните 5 става:

   „(1) Во средното образование се применуваат афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација и исклучување на одредени групи.
   (2) Афирмативните мерки можат да се однесуваат на вработувањето, запишувањето на ученици, образовниот процес и која било друга област од средното образование.

(3) Стипендиите наменети за одредени групи ученици, овозможување на бесплатен превоз на учениците со попреченост без разлика на одалеченоста, давањето предност на одредени групи ученици за учество на натпревари и слични активности, квоти за упис и слични мерки можат да се третираат како афирмативни мерки.
(4) Секое училиште или кој било друг орган во образованието има право и обрвска да предлага и спроведува афирмативни мерки. Предложената афирмативна мерка на училиштето или органот ја одобрува Министерството за образование и наука и ги следи ефектите од спроведувањето на афирмативната мерка.
(5) Начинот на одобрување, критериумите и начинот на следење на спроведувањето на афирмативни мерки и нивните ефекти ги пропишува Министерот на предлог на Бирото за развој на образованието. “

4. Во делот на инклузивното образование, Комисијата препорачува дополнување на член 10 став 3, односно по зборовите “наставната содржина“ да се додадат зборовите и „материјалите за учење“ и дополнување на став 7 од истиот член со нова алинеја 3 - ученици од семејства без приходи. Понатаму, додавање нов став во членот 10 кој ќе се однесува на целта на индивидуалниот образовен план и модифицираната програма, односно појаснување дека ИОП и модифицираната програма треба да исполнат исти или слични образовни резултати како и редовните наставни програми, а ученикот да се стекне со исти или споредливи знаења и вештини како и останатите ученици, но прилагодени на неговите интелектуални капацитети, интереси и афинитети. Прилагодувањето првенствено се однесува на методите на работа, а секундарно само кога постои реална потреба и се однесува на содржината.
Се предлага и измена на членот 11 став 2, односно наместо во училишниот инклузивен тим да учествуваат двајца наставници, од кои еден е избран од страна на наставниците, а еден од страна на учениците како нивни претставници, да се предложи, во тимот да има еден наставник избран од наставниците и еден ученик избран од учениците кои ќе ги претставуваат во училишниот инклузивен тим. Во истиот член, потребно е да се дополни и ставот 3, каде во фокусот на работењето на инклузивниот тим за ученикот покрај конкретниот ученик, треба да бидат и сите други ученици во тоа одделение, да се дополни ставот 4 каде ќе се определи период од 3 години и да се додаде нов став 5, каде ќе се задолжат училиштата во овој рок да вработат стручен соработник кој ќе биде член на инклузивниот тим.
Во однос на поддршката за учениците со попреченост, предлагаме член 11 став 1 да се дополни со „бесплатен прилагоден превоз за ученикот и неговиот придружник, центар за поддршка на учењето во рамки на училиштето“ и да се дополни ставот 8, каде што доколку на ниво на општината нема средно училиште со ресурсен центар, училиштето да формира центар за поддршка на учењето. Потребно е да се додаде и нов член кој ќе ги регулира центрите за поддршка во учењето, ќе ја одреди нивната улога , потребниот кадар, ресурси, како и ќе даде обврска на Министерот за образование и наука да ги пропише нормативите и стандардите за отпочнување со работа на ваков тип на центри. Во оваа насока, потребно е да се измени и дополни членот 76, став 1 и став 2 каде ќе се наведат и центрите за поддршка.

Во однос на поширокото разбирање на инклузивното образование предлагаме и измена на членот 31 став 8 и членот 178 став 4, каде што зборот „попреченост" треба да се замени со зборовите „посебни образовни потреби".

5. Во делот на забраната за политичко, партиско и верско организирање и дејствување, член 13 од законот, предлагаме, зборот политичко да се избрише, а да се дополни со нов став дека забраната се однесува на сите активности на учениците кои ги организира или учествува во нивно организирање средното училиште или поединечни вработени во училиштето;
6. Во однос на годишните програми за работа на средните училишта, потребно е да се дополни членот 33 став 4 од предлог законот, со додавање на нова алинеја која гласи „промоција на еднаквоста, прифаќање и славење на различностите и недискриминација, додека зборот дискриминација да се избрише од алинејата која дефинира заштита од насилство, злоупотреба и запуштање;
7. Комисијата препорачува да се прошири Програмата за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, програми за спречување од дискриминација и програми за превенција од употреба на алкохол, пушење, употреба на психотропни супстанци, дефинирано во член 35 од предлог законот и со темата „ коцкање/хазард". Во истиот член, препорачуваме да се дополни ставот 2, каде после зборовите „општините/Градот Скопје", ќе се додадат „Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител", како и да се додадат нови ставови кои ќе дефинираат обезбедување на средства за реализација на овие програми и постапката за доделување на средствата, по примерот на член 34 од предлог законот каде е уредено доделувањето на средства за програмите за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата;
8. Предлагаме да се доуреди делот за спречување на насилство врз учениците, односно членот 36, каде ќе се дополни со дел за спречување од дискриминација, со што ќе се обврзат училиштата да спроведуваат политики за еднаквост и дискриминација, кои треба да содржат општи принципи за еднаквост, правила за однесување и комуникација на учениците, родителите и вработените со цел спречување дискриминаторски и вознемирувачки третман, правила за однесување поврзани со почитување на различностите, унапредување на мултикултурализмот, родовата еднаквост, прифаќање на родовите, сексуалните различности, инклузија на учениците со попреченост, забрана за вознемирување и насилство мотивирано од омраза, уредување на внатрешна постапка за жалба во случај на дискриминација кон ученици, родители и вработени во училиштето, активности за вклучување на учениците во промоцијата и спроведувањето на политиката за еднаквост и недискриминација и мерки и активности кои ќе ги преземе училиштето; Во оваа насока предлагаме и дополнување на членот 38, каде покрај предложените содржини за часот на заедница на паралелка, да се обработуваат и теми за промоција на еднаквоста и спречување на дискриминација.
9. Во однос на образовните медијатори, заради обезбедување на еднаквост, препорачуваме после зборовите „ученици Роми", да се дополни со зборовите „и други ученици".
10. Заради обезбедување на достапност и еднаков пристап на сите ученици до можноста за спортување во училишните спортски клубови, препорачуваме членот 48 од предлог на законот да се дополни со нов став во кој ќе се дефинира

10. дека членувањето во клубовите и посетата на часовите е бесплатно за сите ученици од училиштето.
11. Во делот на здравствената и социјалната заштита на учениците, Комисијата препорачува да се дополни членот 52 став 1 со дел за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, како и дополнување на став 3 од истиот член, каде покрај социјалната ќе се додаде и обезбедувањето на детската заштита на учениците.
12. Комисијата препорачува да се измени членот 70 кој се однесува на превозот на учениците, односно тој да биде бесплатен за сите ученици и да се избришат условите за исклучување од истиот, но и бесплатниот превоз да се однесува покрај на редовните ученици во јавните средни училишта и на редовните ученици во приватните средни училишта.
13. Во однос на заштита на интегритетот на учениците, препорачуваме да се дополни членот 148 став 2, во кој се наведе и забраната од дискриминација и вознемирување.
14. Заради подобра заштита и унапредување на правата на учениците, препорачуваме дополнување на членот 153, со нов став со кој ќе се создаде обврска за ученикот правобранител да помине обука за човекови права и дискриминација организирана од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се надева дека Собранието на Република Северна Македонија ќе ги земе во предвид препораките по однос на предлог законот за средно образование, се со цел исполнување на обврските кои произлегуваат од член 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кој е наведено дека сите државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица во областа на образование, наука и спорт имаат обврска да преземаат мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенцијата од дискриминацијата.

Ве молиме да не информирате повратно во однос на резултатите од препораките кои се доставени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Ви благодариме за соработката

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Лимко Бејзароски
Заменик претседател

Скопје,
14.2.2024 година